Јавно претпријатие за управување со хидросистемски дејности
Хидросистем Злетовица-Пробиштип
Бр. 04-452/24
07.08 2025 год.

Врз основа на член 21 од Законот за вработените во јавниот сектор (Службен весник на Република Македонија бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18, 143/19, 14/20, 95/20, 208/24 и 210/24), член 37-н од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/19, 89/22, 274/22 и 208/24) и член 33 од Статутот на ЈП ХС Злетовица-Пробиштип, Директорот на ЈП ХС Злетовица-Пробиштип донесе

**ОДЛУКА**
**за избор на кандидат по Интерен оглас бр.02/2025 за унапредување на давател на јавни услуги во ЈП ХС Злетовица-Пробиштип**

**Член 1**

1. По Интерниот оглас број 02/2025 објавен на 31.07.2025 година, на веб страната и на огласна табла на јавното претпријатие, за унапредување во ЈП ХС Злетовица - Пробиштип, се избира:
   - **Димитарче Јаневски од Пробиштип**, за работното место Оператор во SCADA систем, со шифра КДР 0305 Б02 184.
2. Изборот е извршен врз основа на Финалната ранг листа, во која е содржан и предлогот за избор по Интерниот оглас бр.02/2025.
3. Именуваниот ќе биде унапреден на работното место од став 1 од оваа Одлука во рок од 5 дена по конечноста на Одлуката.
4. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Образложение

На 31.07.2025 година на веб страницата и на огласната табла на ЈП ХС Злетовица-Пробиштип објавен е Интерен оглас бр.02/2025 за унапредување на вработени во Јавното претпријатие.

Комисијата за селекција во постапката за унапредување по интерен оглас бр.02/2025, формирана од Директорот со решение бр.04-452/5 од 05.08.2025 година, изврши селекција на пријавените кандидати, за што состави записник бр.04-452/18 од 07.08.2025 година и спроведе интервју со уредните кандидати, за кое состави записник бр.04-452/22 од 07.08.2025 година.

Врз основа на вкупно освоените бодови од селекцијата и интервјуто, Комисијата состави финална ранг листа и предлог за избор на прворангираниот кандидат, за работното место предвидено во Интерниот оглас 02/2025.

Врз основа на финалната ранг листа и предлог за избор на прворангираниот кандидат, за работното место предвидено во Интерниот оглас бр.02/2025, Директорот на ЈП ХС Злетовица-Пробиштип изврши избор како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Правна поука:** Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право на жалба до Управен одбор на ЈП ХС Злетовица-Пробиштип, во рок од 8 дена од денот на објавување на оваа одлука на веб страницата и на огласна табла на ЈП ХС Злетовица-Пробиштип.

Пробиштип
07.08.2025

ЈП ХС Злетовица
Директор
Златко Стојановски

подготвил: Марија Насевска
одобрил: Маја Стојчева